**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ЕКОНОМИЈА НА ТУРИЗМОТ*

**II година**

## *УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА СТРУКА*

### *Хотелско-туристички техничар*

**Скопје, 2006 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ЕКОНОМИЈА НА ТУРИЗМОТ

**1.2. Образовен профил и струка**
**1.2.1. Образовен профил:** хотелско-туристички техничар
**1.2.2. Струка:** угостителско-туристичка

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
1.4.1. Втора година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1. Број на часови неделно:** 2 часа
**1.5.2. Број на часови годишно:** 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставна програма по предметот ***економија на туризмот*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да го познава значењето туризмот како стопанска дејност;
- да го сфаќа туризмот како вид на потрошувачка со значајни економски ефекти;
- да ја разбира економската поврзаност на туризмот со угостителството и другите стопански гранки;
- да ги објаснува економските функции на туризмот;
- да го познава туристичкиот пазар и методите за негово истражување;
- да го сфати значењето на туристичката пропаганда за развој на туризмот и на туристичките услуги;
- да ја објаснува туристичката политика;
- да развие професионален однос кон туристичкото работење.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на зацртаните цели на наставната програма по ***економија на туризмот*** потребно е ученикот да поседува знаења од наставните предмети: туристичката географија, култура на однесување и основи на угостителството и туризмот.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ЕКОНОМИЈАТА НА ТУРИЗМОТ КАКО НАУЧНА ДИСЦИПЛИНА** | **3** | Ученикот:<br>- да ја дефинира економијата на туризмот како научна дисциплина од областа на туризмот;<br>- да ја објаснува врската на економијата на туризмот со научните дисциплини од областа на туризмот, угостителството, економијата и од други области. | - Објаснување на предметот и задачите на проучување на економијата на туризмот;<br>- истакнување на врските помеѓу економијата на туризмот и останатите научни дисциплини;<br>- прикажување на шема за врската на оваа наука со други научни дисциплини. | |
| **2. ПОИМ, ПОЈАВА И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ** | **5** | - Да го познава туризмот како современо масовно и динамично движење;<br>- да го познава начинот на испитување на пазарот;<br>- да ја објаснува појавата на туризмот;<br>- да ги сфати условите за развој на туризмот. | - Објаснување на поимот и развојот на туризмот;<br>- демонстрација на статистички податоци за развојот на туризмот кај нас и во светот. | - Хотелско работење<br>- Агенциско работење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. ЕКОНОМСКАТА ЗАСНОВАНОСТ НА ТУРИЗМОТ** | **5** | - Да ја објаснува економската заснованост на туризмот како стопанска дејност;<br>- да познава дејностите што директно се поврзани со туризмот;<br>- да ја сфати хетерогеноста на туризмот како стопанска дејност;<br>- да го објаснува карактерот на туризмот и неговиот сезонски карактер. | - Објаснување за економската засно-ваност на туризмот;<br>- демонстрирање на шема за примери на хетерогеноста на туризмот. | - Агенциско работење<br>- Хотелско работење<br>- Практична настава |
| **4. ЕКОНОМСКИ И ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ТУРИЗМОТ** | **15** | - Да ги објаснува функциите на туризмот и нивната поделба;<br>- да ги разликува: мултипликативната, девизната, индукативната, конверзивната, аосорпциската и компензациската функција на туризмот;<br>- да го објаснува значењето на туризмот за: усогласување на стоково-паричните односи во внатрешниот пазар, за зголемување на вработеноста, за унапредување на меѓународната размена, за платниот биланс и за развој на недоволно развиенте подрачја;<br>- да ги споредува економски со неекономските функции на туризмот. | - Презентирање за општиот поим на функциите на туризмот;<br>- демонстрирање на шеми на одделните функции и објаснување на значењето одделно на секоја функција;<br>- објаснување на значењето на туризмот за одделни стопански подрачја. | - Со претходната тема од наставната програма по економија на туризмот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР И НЕГОВИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗАКОНИТОСТИ** | **19** | - Да ги објаснува основните карактеристики на туристичкиот пазар во светот и кај нас;<br>- да ја сфаќа туристичката побарувачка и факторите кои ја предизвикуваат;<br>- да ја познава туристичката понуда (примарната и секундарната);<br>- да ја објаснува туристичката потрошувачка и факторите кои влијаат на личната потрошувачка;<br>- да го објаснува формирањето на туристичкиот производ и пласман;<br>- да го сфаќа значењето на испитувањето на туристичкиот пазар;<br>- да применува методите на испитување на туристичкиот пазар;<br>- да ги дефинира конститутивните елементи на туристичкиот пазар;<br>- да го познава формирањето на цените на туристичкиот пазар. | - Објаснување на поимот туристички пазар и неговите основни економски законитости;<br>- демонстрирање на конкретни примери за факторите на побарувачката, понудата и потрошувачката:<br>- презентирање на методи за испитување на туристичкиот пазар и во оваа насока изведување на вежби. | - Агенциско работење<br>- Практична настава |
| **6. ТУРИСТИЧКА ПРОПАГАНДА** | **10** | - Да ја опишува туристичката пропаганда;<br>- да ги познава карактеристиките на туристичката пропаганда;<br>- да ги разликува видовите на | - Објаснување за поимот и карактеристиките на туристичката пропаганда;<br>- презентација на | - Агенциско работење<br>- Хотелско работење<br>- Практична |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | туристичка пропаганда;<br>- да го сфаќа значењето на туристичката пропаганда за развојот на туризмот кај нас и во светот;<br>- да подготвува поедноставни сретства на туристичка пропаганда. | конкретни примери за видовите и средствата на туристичката пропаганда;<br>- демонстрација на разни пропагандни матерјали;<br>- изготвување на пропагандни матерјали. | настава |
| **7. ТУРИСТИЧКА ПОЛИТИКА** | **15** | - Да ги опишува основните карактеристики на туристичката политика и нивната функционална поделеност;<br>- да ги познава носителите на туристичката политика и нивната улога;<br>- да ги објаснува инструментите на туристичката политика и ефектите;<br>- да ја сфаќа стратегијата на македонската туристичка политика, како и нејзиниот идентитет;<br>- да ја споредува македонската туристичка политика со општосветската туристичка стратегија;<br>- да ја објаснува организираноста на туризмот;<br>- да го сфати значењето на квалитетот на промоцијата во | - Објаснување на карактеристиките на туристичката политика и нивната функционална поделеност;<br>- демонстрирање на инструментите што се применуваат во туристичката политика и укажување на нивните ефекти;<br>- толкување на организацијата, квалитетот и промоцијата во туризмот. | - Агенциско работење<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | туризмот за неговиот развој и перспектива. | | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Согласно целите на наставната програма по ***економија на туризмот*** наставникот применува современи наставни методи кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата преку неговите активности во училиштето и вон училиштето. Овие наставни методи подразбираат примена на наставните форми за работа: работа во групи, во парови/тандем и/или индивидуално.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, поставува прашања, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го води ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, читање и пишување, изработка на проектни задачи, правење постери на дадена тема, изработување домашни задачи, илустрирање и друго.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Воспитно - образовната работа по наставниот предмет ***економија на туризмот*** се реализира преку стручно-теоретска настава во кабинет-училница. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување, правење проектни задачи од дадена тема, гледање на ЦД-роми преку организирање посети. Непосредната поврзаност на содржините помеѓу наставните

програми по ***економија на туризмот*** и наставните предмети: туристичка географија, хотелско работење и агенциско работење неминовно ја наметнува потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат овие програми.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се користи: графоскоп, компјутери, телевизор, ЛЦД проектор, ЦД-роми, каталози, слики, проспекти, стручни списанија и други наставни средства и помагала предвидени според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за образовниот профил хотелско-туристички техничар.
За поуспешно совладување на целите на предметот ученикот користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, Интернет, стручни списанија и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења или други форми како изготвување реферати и писмени извештаи, проекти, кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***економија на туризмот*** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмо на кој се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по:

- туризам и угостителство;
- економија;

со положен стручен испит и педагошко-психолошка и методска подготовка.

### 6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***економија на туризмот*** се реализира во кабинет-училница, опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил хотелско-туристички техничар.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2001 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. м-р Киро Петров, самостоен педагошки советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. д-р Александар Стојмилов, професор на постдипломски студии на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид
3. Кристина Влахова, наставник во ДСУТУ “Лазар Танев’” - Скопје
4. Драган Милошевски, директор на “ФЕРОТУРИСТ” - Скопје

**7.3. Датум на ревидирање:** мај 2006

**7.4. Состав на работната група за ревидирање на програмата:**

1. Чедомир Димовски, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. Ристо Мегленов, наставник во ДСУТУ”Лазар Танев” - Скопје
3. Претставници на социјалните партнери, универзитетите и училиштата

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2006 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***економија на туризмот*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број 07 - 3851/20 од 29.06.2006 година.